Агенција за државни службеници

# ИЗВЕШТАЈ
# за реализација на мерките и активностите на Акцискиот план за надминување на недостатоците во секторите/одделенијата за управување со човечките ресурси во органите на државната служба 2009-2012 година

**Скопје, 29 јануари 2010**

**СОДРЖИНА**

1. Вовед .......... 3
2. Мерки и активности за надминување на недостатоците во секторите/одделенијата за управување со човечките ресурси .......... 4
2.1. Цел .......... 4
2. Реализирани активности од Акцискиот план во 2009 година .......... 5
3. Резиме .......... 12

# 1. Вовед

Во контекст на градењето на административните капацитети за ЕУ интеграција, во делот кој се однесува на структурите за управување со човечки ресурси, во март 2009 година, се воспостави Мрежа на сектори/одделенија за управување на човечките ресурси во државната служба (Мрежа), чиј координатор е Агенцијата за државни службеници. Општа цел на воспоставувањето на Мрежата е подобрена меѓуресорска координација во оваа област и развивање на унифицирани стандарди за управување со човечките ресурси,со што би се зголемила ефикасноста, ефективноста и квалитетот на работниот живот на државните службеници.

Мрежата е составена од претставници на секторите/одделенијата на сите органи на државната служба. За да се овозможи ефикасна оперативност на Мрежата, формирана е Координативна работна група (КРГ) која брои 10 члена, од кои четворица се постојани и шест непостојани (тројца од централна и тројца од локалната власт) членови кои се бираат по азбучен ред на секои шест месеци. КРГ се состанува на месечна основа. Во април 2009 година е донесен Деловник за работа на КРГ на Мрежата. КРГ на мрежата во согласност со обврската утврдена во Матрицата на Ревидираната верзија на НПАА за 2009 година, поглавје Административни капацитети, го изготви документот „Анализа на организационите облици за управување со човечките ресурси во органите на државната служба'' (Анализа) која беше презентирана и усвоена од Владата на Република Македонија во јуни 2009 година.

Врз основа на Анализата, а како резултат на потребите за изнаоѓање на решенија за подобрување на состојбите во секторите/одделениата за управување со човечките ресури, КРГ на Мрежата изготви „Акциски план за надминување на недостатоците во секторите/одделенијата за управување со човечките ресурси во државната служба 2009-2012 година'' (Акциски план). Истиот беше разгледан и усвоен од Владата на Република Македонија во јуни 2009 година.

Во септември 2009 година КРГ на Мрежата во соработка со проектот СПФРЕ, организираше годишна конференција на Мрежата во полн состав на која, меѓу другото беше промовиран прирачникот „Стандарди за управување со човечките ресуси.

# 2. Мерки и активности за надминување на недостатоците во секторите/одделенијата за управување со човечките ресурси

## 2.1. Цел

Целта на Акцискиот план е постигнување на задоволително ниво на квалитативна и квантитативна екипираност на секторите/одделенијата за управување со човечките ресурси во органите на државната служба.

Имајќи предвид дека во Анализата се детектираа некои нерешени прашања во однос на екипираноста на сектотрите/одделенијата за човечки расусрси, како и пристапот и начинот на решавање на истите, Акцискиот план со детално утврдени мерки и активности треба да придонесе кон целосно решавање на сеуште постоечките нерешени прашања за соодветна екипираност на секторите/одделенијата за управување со човечките ресурси во органите на државната служба во Република Македонија.

Акцискиот план е структуиран низ една општа и седум посебни цели, кои треба да се остварат со превземање на повеќе мерки и активности. При тоа, за секоја поединечна активност во Акцискиот план се утврдени носителите и учесниците индикаторите за постигнување, некои од идентификуваните ризици, како и роковите за реализација.

Во тој контекст, решавањето на прашањата во секторите/одделенијата за управување со човечките ресурси, од аспект на целосна пополнетост на секторите/одделенијата во органите, како и квалитетот на кадрите кои ќе бидат дел од таа екипираност, а исто така и бројот и видот на функциите кои ќе ги извршуваат секторите/одделенијата во органите на државната служба се одвива етапно, со сериозен пристап на органите кон ова прашање, притоа имајќи целосна поддршка од страна на Владата на Република Македонија и координација од страна на Агенцијата за државни службеници, а со цел стандардизација на работните обврски на секторите/одделенијата во органите на државната служба.

## 3. Реализирани активности од Акцискиот план во 2009 година

Акцискиот план беше усвоен од Владата на Република Македонија во јуни 2009 година. Во текот на 2009 година беа реализирани следните мерки и активности:

***Мерката 1*** во целост е реализирана т.е. воспоставена е електронска база на податоци за контакт лицата од секторите/одделенијата за управување со човечките ресурси и истата е поставена на интернет страницата на Агенцијата за државни службеници

При тоа, се идентификувани следните проблеми:

- Неповрзаност на одредени сектори/одделенија на вебот на мрежата, особено во единиците на локалната самоуправа и
- Нестабилна интернет конекција, особено во единиците на локалната самоуправа.

Дата базата на контакт податоци квартално ќе се ажурира од страна на КРГ на Мрежата.

| | **Мерка** | **Цел** | **Одговорна институција** | **Институции учесници** | **Индикатори** | **Ризици** | **Рок** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општа цел: Екипираност (квантитативна и квалитативна) на секторите/одделенијата за управување со човечките ресурси** | | | | | | | |
| **1.** | **Воспоставување на електронска база на податоци за контакт лицата од одделенијата за човечки ресурси во органите на државната служба (ОЧР)** | Полесна комуникација и размена на добри практики меѓу ОЧР | Агенција за државни службеници (АДС) | Сите ОЧР во државната служба | - Воспоставена контакт база на ОЧР<br>- Дистрибуирана контакт база | - Неповрзаност на одреден ОЧР на вебот на мрежата<br>- Недостаток на соработка кај одредени ОЧР | Крај на јули 2009 година |
| | ***Активности*** | | | | | | |
| 1.1 | Сумирање на веќе постојните контакти и нивна проверка | Скратување на времето за реализација на активности и користење на постојни ресурси | АДС | Членовите на КРГ | - Подготвена листа на веќе постојни контакти | - Потешкотии во проверката на контактите, заради годишните одмори | 20.07.2009 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2 | Подготовка на циркулари до ОЧР за кои КРГ нема контактни информации | Добивање на контакт податоци | АДС | Оние ОЧР за кои од активност 1.1 нема податоци | - Добиени податоци за сите ОЧР | - Неповрзаност на одреден ОЧР на вебот на мрежата<br>- Недостаток на соработка кај одредени ОЧР | 25.07.2009 |
| 1.3 | Обработка на податоците добиени од активност 1.2 | Целосно обработени податоци | АДС | КРГ | - Подготвена листа на контакти за сите ОЧР<br>- Проверени и точни податоци во контакт листата | НЕМА | 26.07.2009 |
| 1.4 | Креирање на електронска база на контакти на ОЧР | Создавање на база која ќе ги содржи сите контакт податоци | АДС | КРГ | - Воспоставена контакт база на ОЧР | НЕМА | 31.07.200<br>9 |
| 1.5 | Дистрибуција на електронската база на контакти на ОЧР до сите ОЧР (алтернативно: поставување на истата и на интернет страна на АДС) | Пренесување на контактите и полесна комуникација меѓу ОЧР | АДС | Сите ОЧР | - Дистрибуирана контакт база на ОЧР | Неповрзаност на одреден ОЧР на веб мрежата | 31.07.2009 |

***Мерка 2*** е воспоставување на ефективен систем на вредности и стандарди преку воспоставување на сектори/одделенија за управување со човечки ресурси во органите на државната служба, за која рокот на реализација е до 2012 година, имајќи ја во предвид комплексноста на активностите

Во 2009 година реализирана е:

- активноста 2.1. во однос на идентификација на тоа во која од трите фази се наоѓаат секторите/одделенијата за управување со човечките ресурси.

Во 2010 година КРГ на Мрежата ќе пристапи кон реализација на активноста 2.2 Подготовка и доставување на циркулар со примерок на организациона поставеност на ОЧР за оние органи на државната служба кои се во 1 (прва) и 2 (втора) фаза, а се предвидени во активноста 2.1.

| | **Мерка** | **Цел** | **Одговорна институција** | **Институции учесници** | **Индикатори** | **Ризици** | **Рок** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | **Воспоставување на ОЧР во сите органи на државната служба** | Воспоставување на ефективен систем на вредности и стандарди преку воспоставување на ОЧР во сите органи на државната служба | АДС, СЕП | Сите ОЧР | - Воспоставени ОЧР во сите органи на државната служба | - Недостаток на соработка кај одредени органи на државната служба<br>- Недостаток на стручни државни службеници кои би креирале ОЧР во нивните органи | Декември 2012 |
| | ***Активности*** | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Обработка на податоците од Анализата на организационите облици за управување со човечките ресурси | Разграничување на органите од аспект на тоа во која фаза на воспоставување на ОЧР се наоѓаат:<br>1. Немаат ОЧР<br>2. Постои организационен облик кој ги врши функциите на ОЧР, но не се во согласност со Уредбата[1],<br>3. Формирани ОЧР согласно Уредбата[1] | АДС, СЕП | КРГ | - Идентификувани фазите кај сите ОЧР во органите на државната служба | НЕМА | Декември 2009 |
| 2.2 | Подготовка и доставување на циркулар со примерок на организациона поставеност на ОЧР за оние органи на државната служба кои се во 1(прва) и 2(втора) фаза | Воспоставување на ОЧР во оние орган каде што нема воспоставено и надминување на ризикот од недостаток на стручни државни службеници кои би креирале ОЧР во нивните органи | АДС, СЕП | КРГ | - Зголемување на бројот на органи кои се во 3 (трета) фаза на воспоставување на ОЧР | - Недостаток на соработка кај одредени органи на државната служба | Мај 2010 |

[1] Уредба за начелата на внатрешна организација на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 105/2007, 146/2007 и 146/2009).

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.3 | Квартален мониторинг на подобрувањето добиено од активност 2.2 и воспоставување на систем за рано предупредување | Добивање на нова реална слика за состојбите во органите од аспект на воспоставеноста на ОЧР | АДС, СЕП | КРГ | - Подготвена нова листа за воспоставеност на ОЧР<br>- Воспоставен систем за рано предупредување<br>- Квартално зголемување на % од оние органи кои беа во фаза 1 и 2 да се во фаза 3 | - Недостаток на соработка кај одредени органи на државната служба | 2010 – 2012 |

***Мерка 3*** - Утврдување на функциите на секторите/одделенијата и нивно целосно и соодветно функционирање е со цел стандардизација во работењето на секторите/одделенијата за човечки ресурси во државната служба.

Во 2009 година:

- Изготвена е драфт верзија на активноста 3.1 Утврдување на функциите на одделенијата/секторите за човечки ресурси. По усвојување на утврдените функции од страна на членовите на КРГ на Мрежата истите ќе бидат доставени до сите членови на Мрежата за коментари.

Во 2010 година КРГ на Мрежата ќе продолжи со реализација на предвидените активности од 3.2 и 3.3 од Акцискиот план. Предвидена е промоција на утврдените функции на годишната конференција на Мрежата на сектори/одделенија за човечки ресурси во 2010 година.

| | **Мерка** | **Цел** | **Одговорна институција** | **Институции учесници** | **Индикатори** | **Ризици** | **Рок** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***3.*** | **Утврдување на функциите на ОЧР и нивно целосно и соодветно функционирање** | Ефективно и ефикасно работење на ОЧР и нивно интегрирање во организациската структура на органите | АДС, ГС на ВРМ | КРГ, сите ОЧР | - Утврдени функции на ОЧР<br>- ОЧР кои ги извршуваат утврдените функции | - Недостаток на соработка кај одредени органи на државната служба | Декември 2010 |
| | ***Активности*** | | | | | | |
| *3.1* | Утврдување на функциите на ОЧР | Стандардизирање на остварувањето на функциите | ГС на ВРМ | КРГ | - Утврдени функциите на ОЧР | НЕМА | 30.09.2009 |
| *3.2* | Промоција на утврдените функции на ОЧР на годишната конференција на Мрежата на ОЧР | Запознавање на сите ОЧР за функциите | КРГ | Сите ОЧР | - Реализирана е промоција | - Недостаток на соработка кај одредени органи на државната служба | 30.09.2009 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *3.3* | Квартален мониторинг на имплементирање на утврдените функции на органите на државната служба | Ефективно и ефикасно работење на ОЧР | АДС, ГС на ВРМ | Сите ОЧР | - Квартално зголемување на % од органите на државната служба кои имаат стандардни функции на ОЧР | - Недостаток на соработка кај одредени органи на државната служба | април, август и декември 2010 |

## 3. Резиме

Реализацијата на Акцискиот план се одвива воглавно според предвидените рокови при што важно е да се напомене дека основниот проблем со кој се соочува КРГ на Мрежата во спроведувањето на Акцискиот план е неконзистентна состојба на секторите/одделенијата за управување со човечките ресурси. Имено, иако согласно гореспоменатата Уредба, во актот за внатрешна организација на органите на државната служба предвидени се сектори/одделенија за управување со човечки ресурси, истите се несоодветно екипирани. Доколку ваквата состојба остане непроменета, односно доколу работните места во структурите за управување на човечки ресурси не се пополнат (со нови вработувања или прераспоредувања на државни службеници) можна е појава на ризик т.е. загрозување на утврдената динамика на процесот на целосна квантитативна и квалитативна екипираност на овие организациони облици.

Со оглед на комплексноста на мерките и бројноста на активностите, мониторингот на процесот на имплементација на мерките и активностите претставува важен сегмент на овај Акциски план.

Во тој контекст КРГ на Мрежата во строго определена временска рамка ќе ја следи имплементацијата на Акцискиот план преку квартален мониторинг[2] и воспоставување на систем за рано предупредување на органите на државната служба.

Врз основа на погоре наведеното, во 2009 година реализирани се следниве мерки и активности:

- Воспоставена е електронска база на податоци за контакт лицата од секторите/одделенијата за управување со човечките ресурси и истата е поставена на интернет станицата на Агенцијата за државни службеници. При тоа детектирани се два проблеми: (1) неповрзаност на одредени сектори/одделенија на веб мрежата, особено во единиците на локалната самоуправа (2) нестабилна интернет конекција, особено во единиците на локалната самоуправа.

- Отпочнато е со реализација на воспоставувањето на ефективен систем на вредности и стандарди преку воспоставување на сектори/одделенија за управување со човечки ресурси во сите органи на државната служба, како втора мерка за која рокот на реализација е до 2012 година имајќи ја во предвид комплексноста на активностите. Во 2009 година реализирана е:
    - активноста 2.1. во однос на идентификација на тоа во која од трите фази[3] се наоѓаат секторите/одделенијата за управување со човечките ресурси.

- Изготвена е драфт верзија на активноста 3.1 Утврдување на функциите на одделенијата/секторите за човечки ресурси. По усвојување на утврдените функции од страна на членовите на КРГ на Мрежата истите ќе бидат доставени до сите членови на Мрежата за коментари.

[2] Системот на мониториг подетално е утврден во делот на активностите во табеларниот приказ на мерките и активностите на овај Акциски план.

[3] Трите фази се утврдени во мерка 2, активност 2.1